**Архивски бр.:** ИП1 17-94
**Дата:** 03.12.2024 година

Државниот инспекторат за животна средина преку Имрије Љума Мемеди со службена легитимација број 06-0002, изврши редовен инспекциски надзор во Правниот субјект Бехтел Енка УК 2 Обидинето Кралство- подружница во Северна Македонија Скопје Село Врапшиште –Општина Врапчиште. Со Записник ИП1 бр. 17-94 од 29.11.2024 година. ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 200 став (1) точка 9-6 од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/2005; 81/2005; 24/2007; 159/2008; 83/2009; 48/2010; 124/2010; 51/2011; 123/2012; 93/2013; 187/2013; 42/2014; 44/2015; 129/2015; 192/2015; 39/2016 и 99/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 89/2022 и 171/2022) и членот 33 став (4) од Законот за инспекциски надзор во животната средина ("Сл.весник на РСМ бр.89/2022"),

## РЕШЕНИЕ

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** Правниот субјект Бехтел Енка УК 2 Обидинето Кралство- подружница во Северна Македонија. Управуван од Озгер Инал, Џанберк Атилла, Кристофер Андерсон Џеннионс и Џошуа Томас Бејкер – Овластени лица од страна на правниот Субјект да преземат мерки за отстранување на недостатоците утврдени со записник бр. ИП1 бр.17-94 од 29.11.2024 година и тоа:

1. Да **назначува одговорно лице за управување со отпадот** (мерка пропишана во одобруваниот Елаборат за животна средина ) согласно член 24 од Законот за животна средина.
2. Да **води редовна евиденција за видот и количините на отпад кои ќе бидат создадени (мерка пропишана во одобруваниот Елаборат за животна средина )** согласно член 24 од Законот за животна средина.
   Рок: 30 (триесет) дена од приемот на решението
3. Субјектот на испекцискиот надзор од точките 1 и 2 на ова Решение е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка а најдоцна во рок од три дена писмено или по


Палата Емануел Чучков
Јордан Мијалков, 5-спрат, Скопје 1000,
Република Северна Македонија
Pallati Emanuel Cuckov,
Jordan Mijalkov, 5-kat, Shkup 1000)
Republika e Maqedonisë së Veriut
i.luma@sei.gov.mk
tel.076 446 263

електронска пошта да го извести инспекторот дали се извршени инспекциските мерки.

4. Доколку Државниот инспектор за животна средина, утврди дека не се постапува согласно Решението, ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка до надлежен орган, согласно членот 200 став 4 од Законот за животна средина.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Државниот инспекторат за животна средина изврши редовен инспекциски надзор во Правниот Субјект Бехтел Енка УК 2 Обидинето Кралство-подружница во Северна Македонија Скопје во с.Врапшиште–Општина Врапчиште. При надзорот беа присутни претставници од Државниот инспекторат за животна средина Имрије Љума Мемеди–Државен инспектор за животна средина, Љатиф Љатифи – Виш инспектор за животна средина-канцеларија Гостивар и Murat Gurel - Овластено лице за животна средина. Согласно редовниот инспекциски надзор се изготви Записник за констатација со бр. ИП1 бр.17-94 од 29.11.2024 година. При увидот на лице место е констатирано следното: Правниот субјектот **не работи по пропишаните мерки на Елаборатот за животна средина : не води редовна евиденција за видот и количините на отпад кои ќе бидат создадени и која ке биде основа за подготвување на годишни извештаи за количините на отпад, исто така нема назначувано одговорно лице за управување со отпадот согласно член 24 од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/2005; 81/2005; 24/2007; 159/2008; 83/2009; 48/2010; 124/2010; 51/2011; 123/2012; 93/2013; 187/2013; 42/2014; 44/2015; 129/2015; 192/2015; 39/2016 и 99/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 89/2022 и 171/2022).**

Согласно член 200 став (1) точка 9-6 од Законот за животната средина Државниот инспектор за животна средина е надлежен да нареди спроведување


Палата Емануел Чучков
Јордан Мијалков, 5-спрат, Скопје 1000,
Република Северна Македонија

Pallati Emanuel Cuckov,
Jordan Mijalkov, 5-kat, Shkup 1000)
Republika e Maqedonisë së Veriut

i.luma@sei.gov.mk
tel.076 446 263

на мерка утврдена во елаборатот и го утврди временскиот рок за спроведување на мерката (член 24).

**ПРАВНА ПОУКА:**

Против ова Решение согласно со членот 84 од Законот за инспекциски надзор (Службен весник на РСМ бр.102/2019) може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочна постапка.

Жалбата се таксира со 250 денари административни таксени марки и се поднесува во два примероци.

Решено во Државниот Инспекторат за животна средина под ИП1 бр.17-94 од 03.12.2024 г.

Државен инспектор за животна средина
Имрије Љума Мемеди

Доставено до:
Архива
Бехтел Енка УК 2 Обидинето Кралство- подружница во РСМакедонија - Скопје
с.Врапшиште–Општина Врапчиште


ДржавенИнспекторат заживотна средина
Палата Емануел Чучков
Јордан Мијалков, 5-спрат, Скопје 1000,
Република Северна Македонија

Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor
Pallati Emanuel Cuckov,
Jordan Mijalkov, 5-kat, Shkup 1000)

i.luma@sei.gov.mk
tel.076 446 263